**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот Ана Брашнарска од Скопје, по одржаната расправа во согласност со член 133 од Законот за нотаријатот и членовите 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, во присуство на нотарот и бранителот Александар Димитриевски, адвокат од Скопје, **на ден 14.4.2022 година,** го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Нотарот А.Б.од С, **виновна** е за сторена дисциплинска повреда по член 140 став (1) алинеја 2) од Закон за нотаријатот, поради тоа што при вршењето на нотарската служба судските такси не ги уплатува во текот на работниот ден или најкасно наредниот работен ден, туку тоа го прави по истекот на наведениот рок определен со членот 51 став (2) од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предмети од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија во сите ОДУ и УЗП нотарски исправи составени во текот на 2017 година, сметано од 11.2.2017 година, при што уплатата на судската такса во полза на Буџетот на РСМ за месеците февруари и март е извршена на 5.12.2019 година, за април и мај 2017 година на 17.12.2019 година, за месеците август, октомври и ноември 2017 година на ден 20.12.2019 година; потоа во текот на 2018 година, за предметот УЗП бр.98/18 од 5.1.2018 година уплатата е извршена на ден 11.1.2018 година, за предметите УЗП бр.7068/18, 7082/18 и 7131/18 од 26.7.2018 година уплатата е извршена на ден 31.7.2018 година, за предметите УЗП бр.5754/18, 5764/18 и 5766/18 од 18.6.2018 година, уплатата е извршена на ден 26.6.2018 година, за предметите ОДУ бр.326/18, 328/18 и 329/18 од 28.2.2018 година, уплатата е извршена на ден 2.3.2018 година, за предметот ОДУ бр.1844/18 од 9.11.2018 година, уплатата е извршена на ден 13.11.2018 година, за предметот ОДУ бр.18/18 од 13.11.2018 година, уплатата е извршена на ден 15.11.2018 година, и во текот на 2019 година, за предметот ОДУ бр.881/19 од 11.6.2019 година, уплатата е извршена на ден 13.6.2019 година, за предметот ОДУ бр.889/19 од 12.6.2019 година, уплатата е извршена на ден 20.6.2019 година, за предметот ОДУ бр.1400/19 од 20.9.2019 година, уплатата е извршена на ден 9.10.2019 година, сите уплати на судските такси за УЗП предмети за ден 18.6.2019 година се уплатени на ден 21.6.2019 година, за предметот ОДУ бр.01/19 од 3.1.2019 година, уплатата е извршена на ден 9.1.2019 година и за предметот УЗП бр.11654/19 од 29.11.2019 година, уплатата е извршена на ден 4.12.2019 година, при што спротивно на истата одредба, копија од уплатницата и примерок од дневната

спецификација не се приложува кон секој предмет за кој е уплатена судската такса, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **привремено одземање на правото на вршење на нотарската служба во траење од 6 (шест) месеци.**

**НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКИ СОВЕТ**
**Претседател**
**Весна Дончева**